**СООПШТЕНИЕ ЗА ПЕЧАТ**

СП20/347

# Мисијата на ММФ ја заврши својата виртуелна посета на Северна Македонија

**ЗА ОБЈАВА ВЕДНАШ**

Соопштението за печат на крајот на мисијата содржи изјави од тимовите на вработените во ММФ кои ги одразуваат прелиминарните наоди по посетата на земјата. Гледиштата искажани во оваа изјава се гледишта на вработените во ММФ и не секогаш ги претставуваат гледиштата на извршниот одбор на ММФ. Оваа мисија не резултира со дискусија на одборот.

- *Економската активност се очекува да закрепне во 2021 година, по остриот пад во 2020 година, но вториот бран на пандемијата претставува ризик за интензитетот на закрепнувањето.*
- *Надминувањето на здравствената криза и понатаму е врвен приоритет и ќе биде од суштинско значење за заштитата на луѓето и економијата.*
- *Фискалните политики и понатаму би требало да даваат поддршка на среден рок за заштита на работните места, фирмите и ранливите групи, а трошењето за здравствена заштита би требало да биде приоритет.*
- *Потребно е да се одржува релаксирана монетарна политика сè додека процесот на закрепнување е во тек. Издвојувањето на соодветни резервации за потенцијални загуби на банките останува од клучно значење.*

**Вашингтон, 20 ноември 2020 година:** Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд (ММФ) предводена од Бергљот Баркбу, во периодот од 9 до 18 ноември одржа виртуелни состаноци со претставници на властите на Северна Македонија, за да ги дискутира најновите случувања во економскиот и во финансискиот сектор, буџетот за 2021 година и изгледите. По завршувањето на посетата, г-ѓа Баркбу ја даде следнава изјава:

„Макроекономската и финансиската стабилност се одржани благодарение на соодветното управување со политиките како и глобално релаксираните финансиски услови. Навремените мерки  преземени од Владата и од Народната банка на Република Северна Македонија (НБРСМ) одиграа суштинска улога во ублажувањето на економското и социјалното влијание на пандемијата.

„Како и во други делови во светот, економијата забележа остра контракција во 2020 година. И покрај тоа, невработеноста, како резултат на мерките за фискална поддршка, забележа само мало зголемување. Инфлацијата  се зголеми, главно како одраз на зголемените цени на храната. Иако во 2021 година се очекува закрепнување на економската активност, вториот бран на вирусот претставува значителен ризик во надолна линија и покрај неодамнешните добри вести поврзани со развојот на вакцината.

„Надминувањето на здравствената криза и понатаму е врвен приоритет и ќе биде од суштинско знаење за заштита на економијата и јавните финансии. На среден рок, фискалните политики и понатаму би требало да даваат поддршка за да помогнат во ревитализацијата на растот, зачувувањето на работните места и заштита на ранливите

категории. Предлог-буџетот за 2021 година предвидува значително зголемување на капиталните трошења, кое доколку се спроведе, би можело да придонесе кон зголемување на побарувачката и подигнување на потенцијалот за раст на економијата, под услов трошењето да е насочено кон високо квалитетни проекти. Предлог-буџетот исто така содржи и износ за непредвидени ситуации, за можни нови стимулативни мерки. Ова би можело да се употреби за таргетирано продолжување на субвенциите за плати, осигурување во случај на невработеност, како и социјална заштита, имајќи предвид дека може да се појави потреба за дополнителни средства во зависност од тоа како состојбата ќе се развива понатаму. Планираната кредитно-гарантна шема ќе помогне да се поддржи ликвидноста на фирмите. Потребно е внимателно следење на фискалните ризици поврзани со недостаток на буџетски приходи, претпријатијата во државна сопственост и јавно-приватните партнерства.

„На среден рок, клучната цел е да се оствари повисок раст за подобрување на животниот стандард и конвергенција кон доходот на другите европски земји, за што ќе бидат потребни поголеми вложувања во човечки и физички капитал. Мерките со кои се намалува основата на приходите и собирањето на даноците во поширока смисла, односно со кои се зголемуваат тековните трошења, како што се трошоците за пензии и субвенции би оделе во погрешна насока, бидејќи имплицираат помал простор за инвестиции кои го подобруваат растот.

„Релаксираната монетарна политика е соодветна и НБРСМ е подготвена да дејствува соодветно за да го заштити *де-факто* фиксниот курс на денарот. Вкупниот банкарски систем и понатаму е добро капитализиран и профитабилен, но во иднина, капацитетот на банките за кредитирање се очекува да биде помал заради веројатното намалување на квалитетот на активата. Од голема важност е да се одржат строги правила за класификација на кредитната изложеност и за издвојување резервации за кредитите, со цел да се осигура дека банките имаат доволно резерви за покривање на потенцијалните загуби. Банките би требало да се охрабрат да се воздржат од дискреционо исплаќање дивиденди и од откуп на сопствени акции.

„Со оглед на клучното значење на капацитетот на НБРСМ да презема навремени супервизорски активности за да ја обезбеди стабилноста на финансискиот систем, од суштинска важност е да се зачува независноста на НБРСМ. Ова ќе ѝ овозможи на централната банка и понатаму да ги остварува своите задачи за одржување на ценовната стабилност и за заштита на финансиската стабилност, коишто се круцијални предуслови за одржлив раст.

„Би сакале да им се заблагодариме на нашите соработници за отворените и продуктивните дискусии и ѝ посакуваме на Владата и на граѓаните на Северна Македонија голем успех во надминувањето на пандемијата.”